Центар за економски анализи
ЦЕА
Бр. 0302-261/2015
22.09. 20 15 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број 21. 09. 2015 | Прилог | Вредност |
| | | | |

**CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA)**
*We are making a difference*

**До:** Претседателот на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија г-н Марјанчо Николов

**Предмет:** Покана за учество на седница на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија.

**Датум:** 21 септември 2015 година

Почитуван г-н Николов

Ви благодариме за поканата да учествуваме во работата на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија и за учество во дебатата за Предлог на закон за изменување на Законот за буџетите во Република Македонија.

Прво, сакаме да ја поздравиме иницијативата за зголемување на учеството на цивилниот сектор и експертската јавност во дебатата во Собранието на Република Македонија за натамошно подобрување на легислативата во сферата на јавните финансии во Република Македонија.

Второ, ги поздравуваме напорите на пратеничката група за натамошно подобрување на фискалната транспарентност.

Центарот за економски анализи (ЦЕА) веќе 7 години детално следи бројни аспекти на фискалната транспарентност во Република Македонија, учеството на граѓаните во фазите на буџетскиот процес и буџетскиот циклус како и надзорот од страна на ДЗР и Собранието на Република Македонија преку Индексот на отворен буџет. Дополнително, го изработивме и првиот Граѓански буџет на Република Македонија, а изработивме и извештај со препораки за операционализирање на препораките од Извештајот на комисијата за испитување на настаните во Собранието на Република Македонија од 24.12.2012 година (препораките во делот III Процедура за носење на буџет). Изработивме и низа на документи за воведување на буџет базиран на перформанси во Република Македонија, како и голем број на материјали и прирачници за мониторирање на фискалната транспарентност на национално и локално ниво. Нашата експертиза во оваа проблематика е добро позната и респектирана во регионот и пошироко.